се и исчитани нови записи и натписи на повеќе јазици, а евидентирани се и нови цркви според материјални остатоци. Последната статија "Едно размислување за новооткриениот полиелеј од 1933 година" претставува презентација на бронзен полиелеј, пронајден во депото на Историското одделение- куќа на Христо Узунов. Полиелејот бил излиен од Сотир Христич од Битола, во 1933 година. На него се претставени 10 светители, меѓу кои: св. Наум Охридрки, св. Климент Охридски, св. Димитрие Солунски, св. Јован Рилски и св. Сава Српски. Полиелејот е под влијание на полиелејот од црквата Св. Богородица Перивлепта во Охрид, кој во 1549 година и го подарил охридскиот архиепископ Прохор.

На крај останува да кажеме дека овој Зборник на трудови според разнообразноста, оригиналноста на материјата која ја третира и изворниот карактер на одредени тематски целини, кои за првпат се презентирани пред научната јавност, ќе претставува неизбежен прирачкик на историчарите на уметноста во светот, но и историчарите, проучувачи на црковната историја и филолозите и ономастичарите.

Милан БОШКОСКИ

Зоран Тодоровски, ВМРО 1924-1934, ИП "РОБЗ", Скопје, 1997, 281.

Научниот и стручниот интерес на д-р Зоран Тодоровски, виш научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје е сосредоточен на поновата историја на македонскиот народ., главно, на првата половина од XX-от век и поспецијално со македонското националноослободително и револуционерно движење.

Авторот д-р Зоран Тодоровски во фокусот на овој научен труд ја ставил ВМРО од 1924 до 1934 година.

Книгата "ВМРО 1924-1934" како што се гледа и од насловот, го опфаќа периодот од убиството на еден од членовите на нејзиниот централен комитет Тодор Александров во летото 1924 година до забранувањето на нејзиното понатамошно дејствување во Бугарија во мај 1934 година. Тоа се совпаѓа со периодот кога дотогашниот секретар на Тодор Александров, Иван Михајлов успева да се наметне како член на ЦК на оваа организација и набрзо да избие на прво место во колективно трочлено раководство, односно ЦК, како прв водач со авторитарна власт, постигнувајќи го тоа со сите дозволени и недозволени средства, со Уставот на Организацијата, со разни притисоци врз другите членови на ЦК, со притисоци врз членовите на Задграничното претставништво и врз долгогодишните членови и војводи со големо раководно и револуционерно искуство, дури и со нивно ликвидирање, претварајќи ја Организацијата во емигрантска и терористичка.

Тој мошне контроверзен период од речиси една деценија е исполнет со големи потреси внатре во самото раководството на ВМРО, во редовите на нејзиното членство со намалување на нејзиното влијание и со постепено изолирање од македонскиот народ од егејскиот и вардарскиот дел на Македонија но и со наметнување на власта на Иван Михајлов, односно на раководената од него ВМРО во Пиринска Македонија и на бројната македонска емиграција во Бугарија, со обезбедување на раководењето со студентските македонски друштва во европските земји, и со

одржувањето на влијанието врз дел од македонската емиграција во Америка преку воспоставените односи со македонските политички, подоцна патриотски, организации во Америка - МПО.

Трудот е компониран во две поголеми тематски целини - глави: првата глава, во која е обработен периодот од 1924 до 1928 година, е мошне обемна, содржи 150 страници. Таа е поделена на 5 поголеми тематско-проблемски целини и тоа:

1. Престројување и реорганизација на ВМРО;
2. Надворешно-политички пропагандни активности;
3. ВМРО во политичкиот живот на Бугарија;
4. Политичко-пропагандни и вооружени активности на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија и
5. Заострување на внатрешните конфликти.

Една од главните карактеристики на дејствувањето на ВМРО во тој период е декларативно прифаќање на главните цели според политичката програма, односно максималната програма - "Ослободување и независност на цела Македонија" и минимална програма "Македонија да биде рамноправен член во федеративна Југославија" но со признавање на "бугарско" население во Македонија, како што го нарекуваше македонскиот народ.

Во тој период ВМРО воспостави еден вид автономна економска и политичка власт во пиринскиот дел на Македонија и неја ја одржуваше со воено-полициски и репресивни мерки, односно ја направи економска и воена база за дејствување во другите два дела на Македонија. Во тој дел на Македонија ВМРО ги сметаше "македонските Бугари" за ослободени и тие требало да помагат за ослободување на другите два поробени делови на Македонија.

Втората глава е посветена на ВМРО од 1928–1934 година, односно од расцепот на ВМРО на две струи: Михајловисти и Протогеровисти до забраната на ВМРО во Бугарија во 1934 година. Таа е поделена на две тематско-проблемски целини, и тоа:

1. Дејствувањето на Михајловистичката ВМРО; и
2. Реакцијата против ВМРО и забрана на нејзиното дејствување во Бугарија.

Главната карактеристика за дејствувањето на ВМРО во тој период е: претворање на Организацијата во чисто надворешно-емигрантска и терористичка, која, наместо, во преден план да ја има основната цел за ослободување и обединување на Македонија, таа силите ги трошеше во убиства – физички пресметки меѓу двете нејзини струи, и врз членовите и симпатизерите на ВМРО обединета.

Значи, како што заклучува и авторот д-р Зоран Тодоровски и покрај сè почесто присутната парола "Независна Македонија" и појавените сепаратистички тенденции во однос на пиринскиот дел на Македонија, која требало да биде "Пиемонт" за обединување и на другите два неслободни делови на Македонија и за создавање на независна Македонија, во Организацијата настапила: "идејната деградација и кариеризам на одделни водачи и членови на Организацијата, политичко и дипломатско маневрирање и отстапување од програмските цели". Овие појави биле проследени со неизбежното присуство на бугарскиот политички фактор, кој мошне скапо ја наплатил својата толерантност во непреченото дејствување на ВМРО во последната етапа од нејзиното дејствување во неговите државни граници (бугарските), што придонело за обезличување на самостојноста на македонското ослободително дело. Сите овие спорови и кризи во ВМРО во последната етапа од нејзиното дејствување завршиле со меѓусебни убиства, познати како "македонски самоистребувања", кои го компромитирале македонското ослободително дело кај меѓународната јавност".

Сепак не би биле доследни на објективното претставување на изнесеното во книгата ако не ја изнесеме и другата констатација на авторот д-р Зоран Тодоровски, а таа е следната: "И покрај внатрешните судири и меѓусебните физички ликвидирања, ВМРО беше главната македонска вооружена сила што со своето агресивно дејствување влеваше надеж кај поробениот македонски народ за ослободување на својата татковина и дека е достоен да има своја сопствена држава.

Нејзините активности во совладување на отпорите што ѝ се испречија на патот кон ослободителното дело, наидоа на силни спротивставувања од страна на соседните балкански држави и ја ставија долго време да биде во центарот на историските и политичките констелации на Балканот и Европа".

Покрај главниот текст, книгата содржи уште: предговор, вовед, заклучок на македонски и англиски јазик, кратенки, библиографија на користени извори и литература и регистар на лични имиња. Трудот е заснован врз богата изворна документација, која (дел од неа) досега воопшто не била користена во македонската историографија. Во библиографијата на користените извори и литература се наведени 54 архивски фондови и збирки од архивите во Р. Македонија; од Архивот на Србија, Архивот на Југославија и Военоисторискиот институт во Белград; Централниот државен архив во Софија, Централниот партиен архив во Софија, Научниот архив на БАН во Софија, Бугарскиот историски архив при Народната библиотека "Св. Кирил и Методиј" во Софија, Архивот на Министерството за внатрешни работи во Софија и Државниот архив во Благоевград. Авторот на книгата консултирал и користел 39 необјавени: спомени, мемоари, дневници, ракописи, сеќавања и изјави, 35 објавени архивски документи, изворни материјали и спомени, 13 весници, 68 објавени книги, статии и прилози.

Со нему својствениот методолошки пристап во истражувањето и особено во интерпретацијата на историските факти без нагласен идеолошки предзнак, д-р Зоран Тодоровски ја збогати македонската историографија со еден вредносен научен труд.
Во него читателот ќе добие одговор на многу важни прашања, како што се: колку таа организација независна не само декларативно туку и во практичното дејствување била македонска, внатрешна, револуционерна и ослободителна и патриотска, колку опстоила на основните изворни принципи на македонското ослободително движење од времето на ТМОРО–ВМОРО и од илинденскиот период, па дури и на ВМРО автонимистичка од 1920 до 1924 година; зоошто нејзините водачи го нагласиле тој континуитет; каква беше нејзината улога во политичкиот живот на Бугарија; колку и каков дел од македонскиот народ ѝ даваше вистинска и доброволна поддршка, до кој степен беше присутна доброволноста, а до кој степен притисокот и заплашувањата во пиринскиот дел на Македонија и сред македонската емиграција во Бугарија; кои беа главните извори на средства за политичко-пропагандното и воено-терористичкото дејствување на ВМРО, зошто не се толерираа подруги мислења, предлози и сугестии во раководните тела на оваа организација; какви беа последиците од авторитаризмот на Иван Михајлов, кој имаше корист од терористичките дејствија, од убиствата над идејните и политичките противници, односно од "македонските самоистребувања" и слично.

Книгата на д-р Зоран Тодоровски "ВМРО 1924–1934", претставува обемен монографски труд, кој за прв пат во нашата историографија се јавува како покомплетно и објективно преставување на историјата на ВМРО во двете последни етапи од нејзиното постоење и дејствување, од убиството на Т. Алек-

сандров до забранувањето на нејзината дејност во 1934 година, односно етапи, кои досега, во македонската историографија се оставаат во редот на оние за кои не беше многу благопријатно да се истражува и пишува во таков обем и со таков приод.

Читателот ќе добие одговори на многу дилеми околу самата Организација. Во книгата ќе се најдат многу одговори и за улогата на некои недоволно расветлени личности во нашата историографија и помалку познати на јавноста, но и за оние кои се познати но како контраверзни личности.

Даринка ПЕТРЕСКА

## Ванче СТОЈЧЕВ, БУГАРСКИОТ ОКУПАЦИСКИ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА 1941 -1944 година, Скопје, 1996, 354.

Од неодамна македонската историографија е збогатена со уште еден труд. Станува збор за студијата „Бугарскиот окупациски систем во Македонија 1941-1944 година, од д-р Ванче Стојчев. Овој труд во основа произлегува од научно-истражувачкиот проект „Бугарско-југословенските односи во текот на Втората светска војна", при Военоисторискиот институт на поранешната ЈНА, чии носител бил д-р Ванче Стојчев.

Во изработката на трудот е применет општиот конкретно-дијалектички метод и компаративно согледување како на објавените, така и на необјавените извори и литература од разновидна провиниенција. Студијата располага со бројни нови сознанија и податоци, богати аргументи, како и со нови погледи, ставови и заклучоци, со што таа е интересна и привлечна за читателот. Со оваа студија, за прв пат во македонската историографија бугарскиот окупациски систем во Македонија е обработен во неговата целост. Во трудот поединечно и во детали се разработени воената, полициската, административната и црковната окупаторска власт. Низ целата содржина на трудот се провлекува основната замисла на бугарската влада, дека со II светска војна настапил долгоочекуваниот момент за реализација на вековниот бугарски сон, т.е. да се окупира, а потоа целосно да се бугаризира Македонија и македонскиот народ. Авторот, имајќи ја предвид основната цел на бугарскиот окупатор, ја разоткрива со научен приод и пред сѐ врз основа на бугарски извори. Концепцијата и структурата на трудот ги оправдуваат појдовните претпоставки, додека аргументите и новите документи ги исполнуваат поставените цели. Сето тоа е поткрепено со 887 фусноти, од кои 600 од бугарска провиниенција, а 200 се јавуват за прв пат во историографската наука. Голем дел од користените документи до неодамна биле со ознака „државна тајна" или „строго доверливи", а некои се и од фондот на ОЗНА.

Трудот е концепиран со логичен след на темите и настаните. Тој се состои од предговор, вовед, шест поглавја и заклучок. Потоа следи библиографија, кратенки и регистар на личните и географските имиња.

Во првата глава „Подготовките на Бугарија за II светска војна", на триесе-тина страници се разработени политичките, воените, идеолошките и економските подготовки. Притоа, акцент е ставен на анулирањето на Нејскиот договор од 1919 година, според кој Бугарија можела да поседува 33 000 војска. Меѓутоа, во 1939 година по